Собранието на Акционери на Градинар АД Охрид на одржаното собрание на ден 23.02.2021 година ја донесе следната :

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ГОЛЕМА ЗДЕЛКА СО ОТТУЃУВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

СЕ ОДОБРУВА оттуѓување на недвижен имот со продажба сопственост на Градинар АД Охрид и тоа :

Недвижен имот означен како фабрика Билјана кој се наоѓа на улица Железничка бб Охрид изградена на Кп бр 8915 / 1 . Кп бр 8915 / 4 во КО Охирд 2 заведен во Имотните Листови 100109 , Имотен Лист 94273 , Имотен лист 95120 и Имотен лист 100067 за КО Охрид 2 , со почетна цена од 1.519.447 Евра во денарска против вредност без ДДВ , сметано по средниот курс на еврото на денот на плаќањето , вредност која е утврдена од страна на овластениот проценител Генико ДОО Прилеп од 25.12.2020 година .

2.1 За продажба на недвижниот имот од точка од ставот 1.1 да се спроведе јавно наддавање со објавување на оглас и прибирање на понуди .

Ако деловниот простор не се продаде по првото јавно наддавање , да се спроведе второ јавно наддавање или да се продаде со непосредна спогодба и договор , со кој имотот може да се продаде под утврдената почетна вредност , но не под четири петтини од почетната вредност од точка 1.1 .

Јавното наддавање да се спроведе за секоја недвижност и кога на наддавањето присуствува само еден купувач .

Плаќањето да се изврши на вкупната цена , во денари според средниот курс на Еврото на денот на јавното наддавање или денот на постигнувањето на договор со непосредна спогодба за што ке се зготви фактура од продавачот на купувачот .

Данокот на додадена вредност ( ДДВ ) , данокот на промет , трошоците за заверка на Договорот за купопродажба кај Нотар и трошоците за упис на сопственоста во катастарот на недвижности , паѓаат на Товар на купувачот .

3.1 Се Овластува Генералниот извршен директор на Друштвото да ја спореведе постапката за јанвно наддавање и да се склучи и потпише Договор за продажба со потребната документација во името на Друштвото како Продавач , со негова заверка кај надлежен Нотар .

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување .

Одлуката да се достави до Собрание на Градинар АД Охрид , Архива , подружница , Македноска берза на хартиите од вредност АД Скопје .

Продажбата се закажува за ден 04.05.2021година ,а ке се оддржи во простоирите на друштвото на ул. 7ми Ноември бб точно во 11 часот .

Право на учевство имаат сите правни и физички лица кои ке депонираат 10 % од почетната цена , а ке ги депонираат најмалку 2 часа пред почетокот на продажбата.

Во Охрид 23.02.2021 година

Собрание на Акционери

"ГРАДИНАР" ОХРИД ДРУШТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕРАБОТКА И ПРОМЕТ УВОЗ - ИЗВОЗ А.Д.